**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

**За:** [redacted]

Бр. 03-4

Скопје 29.03.2021г.

**Предмет: Известување за Претставка во врска со право на одговор и исправка**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (преку адвокатка [redacted]) пристигна Претставка (наш бр. 03-4 од 23.03.2021 година) од [redacted] застапувано од [redacted] како и од [redacted]. Во неа нè информираат дека ТВ Алсат - М не го објавила нивниот одговор и исправка (демант) на информации емитувани во Вестите на Вашата Телевизија на 12, 13 и на 15 март 2021 година и бараат реакција од регулаторното тело.

Од документацијата доставена од адвокатската калцеларија се гледа дека на 13 март 2021 година, од Автоиспитен центар, по електронска пошта, до ТВ Алсат-М е доставен „Демант и барање извинување", во кој меѓу другото се вели:

*„Воедно Ве информираме дека [redacted] веднаш ќе побара да се испитаат сите овие гласила и информации кои ги пласиравте без проверка на фактите, со пријава и барање до ОЈО и до МВР, каде токму овие лица кои Вашиот новинар ги интервјуираше, ќе имаат можност да ги изнесат своите докази и наводни сознанија".*

Освен ова, на 16 март 2021 година, [redacted] исто така по електронска пошта, е испратен уште еден „Демант и барање јавно извинување".

Преку увид во програмата на ТВ Алсат-М, утврдивме дека во вестите во 16 и 19 часот (на албански јазик), како и во 23 часот (на македонски јазик) на 12 март 2021 година е емитуван прилог насловен „Пријава за мито при добивање дозвола". Во него се наведува дека од [redacted] не сакале да зборуваат пред камера, одговарајќи писмено, при што на телопот е испишан текст – [redacted] ги негира обвинувањата".

Понатаму, на 13 март 2021 година, во вестите во 16 и 19 часот (на албански јазик), како и во 23 часот (на македонски јазик) емитуван е уште еден прилог на оваа тема кој беше насловен „Нови случаи на мито за возачките дозволи". Исто така, утврдено е дека на 15 март, во веќе споменатите термини на Вестите, емитуван беше друг прилог со наслов „Сомневања, злоупотреби со возачките дозволи".

Во периодот од 13 до 18 март 2021 не е емитуван демантот во целост, онака како што е пропишано со Законот за медиуми.

Наместо тоа, во прилогот „Сомневања, злоупотреби со возачките дозволи", емитуван на 15 март 2021 година на Вашата Телевизија, се наведува:

*повторно одбиваат да зборуваат пред камера. Ги отфрлија сите тврдења на кандидатите и инструкторите кои деновиве зборуваа за Алсат. Тие писмено негираат дека нивната компанија е корумпирана и сметаат дека обвинувањата кон нив се прават заради конкуренција. ...зели дека ќе ја докаже својата правда на суд. ...ара веднаш да се испитаат сите информации кои се поставени без верификација на фактите, со пријава и барање до Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи каде токму овие лица кои ги интервјуираше Вашиот новинар, можат да ги дадат своите сведоштва и информации за ова прашање."*

Од увидот во вестите емитувани на ТВ Алсат-М во периодот по испраќањето на првото барање, односно од 13 до 18 март 2021 година е утврдено дека ниту првото ниту второто барање за исправка/одговор од ... не е објавено на начин кој е во согласност со Законот за медиуми, односно мал дел од првото Барање е искористен во прилогот од 15 март 2012 година.

Ве потсетуваме дека правото на одговор и исправка е гарантирано со член 16 од Уставот на РС Македонија. Исто така, ова право е регулирано со Законот за медиуми (членови од 17 до 28), при што е прецизирано дека секој има право да бара објавување „исправка на објавена информација во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси" (член 17 став 1). Пропишано е и дека физичко или правно лице има право на одговор „доколку...има поврзаност со наведените факти објавени во информацијата или доколку има легитимен интерес" (член 26). Исправката и одговорот, согласно член 19 мора да бидат објавени „во рок од два дена од доставувањето на барањето", при што во истата програма во која се објавени не може да се објави коментар или одговор на исправката/одговорот. И исправката и одговорот се објавуваат без измени/ и дополнувања (членови 18 став 1 и член 27 став1).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување од директорот**

---------------------------------------------------

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**